**Елена Стојанова Канзурова**[1]

# ПРЕДМЕТИ ОД КОСКА ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ГОЛЕМО ГРАДИШТЕ С. КОЊУХ

**(археолошки истражувања 2001-2006 год.)**

**Извлечок:** Во текот на археолошките истражувања од 2001 до 2006 год. на доцноантичкиот локалитет Големо Градиште,с. Коњух, Кратово откриени се неколку предмети изработени од коска. Досега не е направена типологија на коскените предмети од територијата на Р. Македонија. Се надеваме дека овој труд ќе биде дополнителен предизвик за научно истражување и синтетизирање на овој тип на предмети од доцноантичкиот период во Р. Македонија.

**Клучни зборови:** Кратовско, Големо Градиште во Коњух, доцна антика, Македонија

**Key words:Kratovo area, Golemo Gradishte at Konjuh, Late Antique, Macedonia**

Доцноантичкиот локалитет Големо Градиште е лоциран на 2 км с/з од селото Коњух над левиот брег на Крива Река во административните рамки на општината Кратово.

Античкото име на овој локалитет засега е непознато. Се претпоставува дека е Транупара.[2] Локалитетот го сочинуваат три археолошки целини: акрополот; долниот град до акрополот на северната тераса покрај Крива Река и јужната целина меѓу акрополот и делот познат како Мало Градиште. (сл.1)

---

[1] Кустос археолог во НУ Музеј на Македонија

[2] Лилчиќ В.,1994,33-47



сл. 1. лок. Големо Градиште, од север

Во 1998 год. се реализира меѓународен археолошки пилот проект, меѓу Музејот на Македонија и Гетисбург колеџот, САД. Соработката меѓу овие две институции продолжува и во периодот од 2000 до 2008 год.[3]

Целта на овој археолошки проект е истражување на урбаниот, економскиот, административниот и духовниот живот на жителите на оваа непознатата доцноантичка населба. Истражувањата особено се насочени кон проучавањето на историјата на раното христијанство во област која е релативно непозната во научната јавност. Анализата на недвижниот и движниот материјал, пред се на керамичкиот од населбата и околу неа

[3]Меѓународниот проект "Археолошко ископување на лок. Големо Градиште с.Коњух" во реализација на Гетисбург Колеџ, од Гетисбург ПА, САД и Музеј на Македонија, започна во 1998 год. Раководител на проектот од Гетисбург Колеџ е проф. д-р Carolyn S. Snively. Истражувањата од 2000 год. во континуитет продолжуваат до 2008 год. Во оваа прилика ја искажувам мојата благодарност кон раководителот на проектот Carolyn S. Snively, што овозможи да бидам дел од стручната екипа на овој проект во 2003-2006 год. и да ги објавам предметите од коски од сите сектори. Овие коскени предмети се презентирани на Симпозиумот на МАНД во Делчево 2006 год.

говори за интензивно населување  во доцната антика од 4 до 7 век, со акцентирање на 6 век. [4]

Во текот на археолошките истражувања на акрополот и просторот на  северната тераса покрај Крива Река откриени се неколку предмети изработени од коска. (сл.2)



сл. 2 Северната тераса покрај Крива Река, од југ

Коската како суровина се употребува уште во раните почетоци на човековото постоење. Широка примена наоѓа во антиката и раниот среден век. Како најадекватна суровина за производство на разни предмети се коските и роговите од говедо, овен, коњ, свиња, птица и елен. За изработка на луксузни предмети се користи слоновата коска. [5]

Во раниот период на римската империја, занаетчиските центри за изработка на предмети од коска се наоѓаат во западните римски провинции. Познати се работилниците во Рим, Остиа, Пиза, Аквилеа. Во доцната антика познати се центрите во Александрија и Константинопол.[6]

Паралелно со доаѓањето на римската војска во балканските простори, доаѓаат и занаетчиите кои произведуват или ги репарират неопходните предмети на војниците. Во I и II век, занаетчиските

[4] Д-р  Virginia Anderson-Stojanovič, професор на Wilson College, Pa, USA ја вршеше анализата на керамиката од археолошките истражувања.

[5] Шарановиќ-Светек В., 1980, 122

[6] Шарановиќ-Светек В., 1980, 123

работилници се лоцирани во воените логори, а подоцна се развиваат и во градските центри. Највисок процут овој занает доживува во III век.

Во последната половина на IV век, постојаниот прилив на т.н. варварски племиња на територијата на царството, предизвикува ширење на овој занает а со тоа започнува и падот на квалитетот во однос на квантитетот на изработката на предмети од коска. Новите економски услови влијаеле на се помасовното користење на коската како евтин материјал за производство во локалните работилници.

Во овој труд издвојуваме неколку цели но и фрагментирани коскени предмети откриени во археолошките истражувања од 2001 до 2006 год. за кои сметаме дека ќе го привлечат вниманието на истражувачите на оваа проблематика. На најголемиот дел од нив е извршена стручна анализа за утврдување на нивното животинско потекло. [7]

Заради скромноста на информации со кои располагаме за аналогии, овде е дадена основна дескрипција без навлегување во симболиката на предметите и декорациите како и размислувањата за евентуалната намена на овие коскени предмети. Можности за типологија на коскените предмети од територијата на Р. Македонија сеуште не постојат. За некои од презентираните коскени предмети е користена типологијата на коскените предмети од римскиот период на територијата на Горна Мезија. [8]

---

[7] Анализата на животинските коскени предмети ја изврши археозоолог, д-р Весна Димитријевиќ, професор во одделението за археологија на Филозофски факултет во Белград. Во оваа прилика и изразувам голема благодарност за дадената подршка и сугестии.

[8] М-р Софија Петковиќ од Археолошкиот институт во Белград има направено типологија на коскените предмети од римскиот период на територијата на Горна Мезија. За добиените сугестии најсрдечно и се заблагодарувам.




Сл.3 Коскени предмети од акрополот
(археолошки истражувања 2001-2004 год.)

Во археолошките истражувања во 2001 год. на акрополот во Сектор I А, КВ-Е6 во една од просториите за која се претпоставува дека е дел од објект за јавна намена се откриени два коскени фрагменти со непозната намена.[9] Претпоставуваме дека овие предмети имаат функција на оплати и

[9]Истражувањата во овој квадрат ги раководеше археолог Данче Голубовска.Информации за овие наоди користам од нејзиниот археолошки дневник од 2001 год., за што и се заблагодарувам.

апликации но заради непознати аналогии не навлегуваме во нивна детерминација.

- Помалиот коскен фрагмент е со елипсовиден завршеток и димензии 41 x 14 мм. (сл.3а) Пробиен е мал отвор за закачување. Горната страна е украсена со концентрични кругови, мали вдлабнатинки и мотив на т.н.“окца”. Странично се врежани паралелни линии. Внатрешноста на овој предмет е шуплива. Коската е со светло жолта боја и сјајна површина. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од долга коска на крупен цицач.

- Поголемиот коскен фрагмент е со издолжена неправилна правоаголна форма и димензии 80 x 20 мм. (сл.3б) На зачуваниот крај од предметот се пробиени три мали отвори за закачување. Страничните краеви се кратки и профилирани со врежани паралелни линии. Горната површина е декорирана со долги паралелни линии, кругови, и мотив на т.н. “окца”. Внатрешноста на овој предмет е шуплива. Коската е со светло жолта боја и сјајна површина. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од долга коска на крупен цицач.

- Коскен предмет со висок уметнички израз е откриен во истражувањата во 2001 год. на акрополот во Сектор IA, КВ-Е6.[10] (сл.3в) Тоа е предмет со претстава на глава на овен. Истиот е добро зачуван и има долго цевчесто и шупливо тело со кружен отвор и димензии 63 x 18 мм. Со техника на длабење и врежување е претставена стилизирана глава на овен. Муцката е експресивно извлечена нанапред, а роговите благо нагласени и декорирани со мотив на т.н. “окца”. Со плитко врежување телото е поделено на четри полиња со концентрични кругови а помеѓу нив мотив на т.н. “окца”. Коската е со светло жолта боја и сјајна површина. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од рог на елен. Претпоставуваме дека овој предмет ја има функцијата на амулет но размислуваме и за функција на држалка. Како амулет веројатно имал апотропејско значење за сопственикот на овој предмет. Доколку била држалка за нож, таа повеќе е со статусен симбол отколку со утилитарен

---

[10] Истражувањата во овој квадрат ги раководеше археолог Данче Голубовска. Информации за овој наод користам од нејзиниот археолошки дневник од 2001 год.

карактер. Инаку овие ножеви со држалки се носеле на појасот на машката облека.[11]

- Во текот на истите истражувања од 2001 год., во акрополот во Сектор IB, сонда 3C е откриена прстенеста држалка со конусовиден врв со димензии: 46 x 25 мм. [12] (сл.3г) На држалката е пробиен поголем елипсовиден отвор. Странично се пробиени два помали отвора. Долниот дел на држалката е со широк кружен отвор. Коската има светло жолта боја со сјајна површина и претпоставуваме дека е држалка од козметичко стапче или спатула за женска тоалета. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од рог од елен.

- Во истражувањата од 2004 год. на акрополот во Сектор IB, сонда 10, во просторот за кој се претпоставува дека е плоштад со улица од камења – калдрма е откриен коскен фрагмент со димензии 46 x 19 мм.[13] (сл.3д) Зачуван е горниот завршеток со елипсовиден облик. На него е издлабен отвор за закачување. Горната страна е украсена со концентрични кругови и мотив на т.н “окца”. Коската е со темно кафеава боја и сјајна површина. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од долга коска на крупен цицач. Формата на овој коскен фрагмент наликува на апликација на тип I според С. Петковић, која се зацврстувала на кожен ремен со метални спојки и се наоѓа на локалитетите во Горна Мезија во слоевите од IV до крај на VI век. Не се исклучува можноста дека служел како гајка на појас или ги спојувале деловите на коњската опрема. [14]

[11] Манева Е.- Ананиев Ј.,1993, 267

[12] Истражувањата во оваа сонда ги раководеше проф. д-р Carolyn S. Snively. Информации за овие наоди користам од извештајот за археолошките истражувања од 2001 год., за што и се заблагодарувам.

[13] Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2004 год, 2005

[14] Petkovič S., 1995, 38




Сл.4 Коскени предмети од акрополот и Северната тераса покрај Крива река (археолошки истражувања 2004-2006 год.)

Во текот на истражувањата во 2004 год. во акрополот во Сектор IE, сонда 1 во просторијата која е детерменирана како складиште е откриен дисковиден пршлен како составен дел на вретено.[15] (сл.4ѓ) Димензии: пречник 37 мм. Горната калотеста страна е декорирана со врежани концентрични кругови. Долната дисковидна страна е декорирана со

[15]Истражувањата во оваа сонда ги раководеше Михаил Стојаноски на кого му благодарам за информациите; Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2004 год, 2005

врежани концентрични кругови и мотив на т.н. “окца”. Коскатa има светло жолта боја. Лабораториската анализа не можеше да го утврди видот на животинската коска од која е изработен предметот. Пршлените изработени од еленов рог со декорација се карактеристични за доцноантичкиот период. Нашиот пршлен најблиску е до тип II и хронолошки му припаѓа на средината на IV до крај на VI век.[16]

- Во истражувањата во 2004 год. на источната страна на акрополот во Сектор IG, сонда 1 е откриен коскен предмет со непозната намена со должина 139 мм. [17] (сл.4е) Наликува на стилизирана рибја? фигура. Горниот дел завршува триаглесто со пробиен отвор. Средишниот дел се шири во ромбоид, а долниот дел завршува со заоблен врв. Горната половина од предметот е со врежани коси и прави линии кои сочинуваат квадрати и триаголници. Коската има светло жолта боја и сјајна површина. Претпоставуваме дека е игла за плетење на рибарски мрежи но размислуваме и за козметичка држалка. Повеќе информации не ни се познати. Лабораториската анализа говори за употреба на дел од коска на говедо.

Во истражувањата откриени се неколку коскени предмети кои со сигурност ги детерминираме како држалки. Тоа се предмети најчесто со цилиндричен облик изработени од животински рогови со внатрешен перфориран дел за вметнување на алатка или сечило.Според типологијата на римските коскени предмети овој тип на држалки најблиску се вбројуваат во т.н. тип III според С. Петковиќ.[18] Држалките од локалитетот Дијана и Гамзиград се датираат во втората половина на IV-VI век. Територијално поблиски аналогии наоѓаме во Скупи. Тоа се две држалки откриени во најгорните слоеви на доцноантичките објекти. Разликата е во декорацијата имено отсуствува мотивот на т.н. “окца”. [19] Во доцноантичкиот и рановизантискиот кастел Градиште кај с. Пчиња,

[16]Petković, 1995, 44

[17]Истражувањата во оваа сонда ги раководеше проф. д-р Carolyn S. Snively.;Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2004 год, 2005

[18] Petkovič S., 1995, 49

[19]Ончевска Тодоровска М., 2007, сл.1 и 2.,(во печат).На археолог д-р Марина Ончевска Тодоровска и се заблагодарувам за добиените сугестии и аналогии.

кумановско откриени се делови од двореден коскен чешел како и во Коњух и една држалка декорирана со врежани мотиви од прави и кружни линии. Отсуствува т.н. мотив "окца". Предметите се датираат во IV – VI век.[20] Две држалки од Баргала со отсуство на т.н. мотив "окца" се од периодот на V-VI век.[21] Држалката од Стоби без истиот мотив е датирана во II-IV век.[22]

Истражувањата од 2006 год. се продолжение на истите од 2004 и 2005 год. на Северната тераса покрај Крива река. Во Сектор II, сонда 20Б во една од просториte на т.н. резиденцијален објект 1 е откриена добро сочувана држалка со димензии 46 x 24 мм.[23] (сл.4ж) Држалката е со цилиндрична форма и внатрешен перфориран дел за вметнување на алатка/оружје.Површината на држалката е декорирана со елементи изведени со врежување. Тоа се концентрични кругови, линии кои формират ромбови и мотив на т.н. "окца". Бојата на коската е светло жолта со сјајна површина. Резултатите од извршената анализа говорат дека држалката е изработена од рог на елен.

Во една од просториите означена како соба А во т.н. резиденцијален објект 1 во Сектор II, сонда 20В е откриена уште една држалка со должина 52 мм.[24](сл.4з) Телото е со конусна сплесната форма со внатрешен перфориран дел за вметнување на алатка/оружје Декорацијата е од врежани концентрични кругови, линии кои формираат ромбови и мотив на т.н."окца". Анализите и во овој случај говорат за употреба на рог од елен.

Во Сектор II, сонда 18 во една од просториите, означена како соба С на истиот резиденцијален објект 1 во истражувачката кампања од 2006 год.

---

[20]Георгиев З., 1989, 209, сл.5/4, 5

[21]Нацев Т., 2008, 212, сл.9,10

[22]Во постојаната археолошка поставка во Музеј на Македонија меѓу презентираниот коскен материјал од Стоби се наоѓа една држалка со врежани прави и коси линии.

[23]Истражувањата во оваа сонда ги раководеше проф. д-р Carolyn S. Snively, Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2006 год, 2006

[24] Истражувањата во оваа сонда ги раководеше Михаил Стојаноски; Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2006 год, 2006

е откриена уште една држалка со должина 56 мм.[25](сл.4s) Држалката ја прати природната линија на рогот од елен, а површината е декорирана со врежување. Двата завршетоци на држалката ги пратат концентрични круга, а меѓу нив е мотив на т.н. "окца" кои формираат крст. Внатрешниот дел е пробиен за вметнување на орудието/оружјето.

Плочките за ткаење на нити кои според типологијата се во групата на предмети за изработка на облека најчесто се со правоаголна форма но некои имаат и триаголна форма. [26] Вообичаено се наоѓаат во пар или по три парчиња. Површината е со пробиени три или четири отвори низ кои се вовлекувал конец со различни бои и дебелина и се ткаеле шарени нити.[27] Со нив со плетење се изработувале украсни ленти и гајтани за бордури. Овие плочки се хронолошки неосетливи и можат да се датираат во I – IV век.

Плочката од Големо Градиште, Коњух е откриена во Сектор II, сонда 10А, во 2006 год. во една од просториите од резиденцијалниот објект 2 со димензии: 60 x 60 мм. [28] (сл.4и) Таа е со триаголна форма и три отвори. На едната страна се врежани три плитки линии кои формираат триаголник. Аналогии наоѓаме во Виминациум "Више гробља". [29]

Многу чест и омилен мотив на коскените предмети во текот на разни културни периоди е мотивот наречен "птичјо око" или "окца". Истиот го формираат еден или повеќе концентрични кругови со точка во средината. Се изработува со помош на рачно свердло со две шила од кои едниот е фиксиран и прави точка во средината, а другиот се врти и прави кругови со различна големина.[30] Во времето на доцната антика, преселбата на народите а особено во средниот век, овој мотив е многу омилен и затоа е тешко да се утврди датирањето прецизно. Некои автори

---

[25] Истражувањата во оваа сонда ги раководеше проф. д-р Carolyn S. Snively.;Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2006 год, 2006

[26] HRUBY V., 1957, 123,193, сл.8,9,10

[27] Petkovič S., 1995, 45

[28]Истражувањата во оваа сонда ги раководеше проф. д-р Carolyn S. Snively.;Извештај за археолошките истражувања на лок. Големо Градиште, с. Коњух,2006 год, 2006

[29] Petkovič S., 1995, 45,149, T.XXXIII, 4-6

[30] Шарановић-Светек В., 1980, 122

во овој мотив не гледат само декоративен елемент,[31] во него препознаваат претстава на соларниот симбол. Бројот и распоредот на овој симбол исто така има свое толкување. Според П. Георгиев, групите од три и четри знака можат да ги симболизират двата космогониски модели на вселената: вертикална и хоризонтална. Претставата пак од четри знака ги изразува правците на светот, а претставата од три го изразува моделот на небо, земја и подземен свет. [32]

Генезата на голем дел од презентираните предмети како и останатите коскени предмети од периодот на доцната антика се наоѓа во римскиот период но и подалеку во праисторијата. Со досегашните истражувања не можеме да заклучиме дали овие предмети се импорт или се со локална провиниенција. Постоењето на работилница во рамките на овој непознат доцноантички град не треба да изненадува затоа што сточарството а со тоа и животинската коска како суровина се присутни во сите населени места и технолигијата на производство на коскени предмети не изискува посебна технологија и умешност.

Археологијата во Р. Македонија сеуште не детектирала материјални остатоци од работилници или занаетчиски центри од времето на раната и доцната антика. Понатамошните археолошки истражувања на овој доцноантички локалитет како и некрополата која сеуште не е лоцирана, а со тоа и остеолошките анализи на животинскиот коскен материјал можат да го потврдат или негират постоењето на работилница.

Се надеваме дека ова презентирање на дел од коскените предмети од локалитетот Големо Градиште, с. Коњух, Кратово во истражувањата од 2001-2006 год. ќе биде дополнителен предизвик за научно истражување и синтетизирање на овој тип на предмети од доцноантичкиот период во Р. Македонија.

Елена Стојанова Канзурова, 075 288 180
НУ Музеј на Македонија
e-mail:elena_mk2004@hotmail.com

---

[31] Георгиев П.,1984, 21
[32] Георгиев П.,1984, 23

## БИБЛИОГРАФИЈА

- Георгиев З.,1989, Градиште, с.Пчиња-доцноантички и рановизантиски кастел,Maced.acta archaeol. 10, 199-213, Скопје

- Георгиев П.,1984, Изображение на четрилико славанско божество от Преслав, Археологиа 1, 16-28, Софиа

- Лилчиќ В.,1990-1991, Размислувања околу убикацијата на Транупара, Културно наследство 17-18, 33-47, Скопје

- Манева Е. - Ананиев Ј.,1993, Има ли мнемонистичка симболика декорацијата на рачката од еленово рогче од Водоча?, Maced.acta archaeol. 13, 265-271,Скопје

- Нацев Т., 2008, Доцноантичкиот град Баргала, Штип

- Ончевска Тодоровска М., 2007, Доцноантички предмети од коска и рог од Скупи, Археолошки зборник бр. 3, Скопје, (во печат)

- S. Petkovič, 1995, Rimski predmeti od kosti i roga sa teritorije Gornje Mezije, Beograd

- Carolyn S.Snively, 2008, Archaeological excavations on the acropolis of Golemo Gradište, Konjuh, Kratovo, Maced.acta archaeol. 18, 335-351, Skopje

-Шарановић-Светек В., 1980, Прилог проучавању античког коштанорезачког-резбарског заната на територији Јужне Паноније с посебним освртом на Сирмиум, Рад Војвођанских музеја 26, 121-132,Нови Сад

- HRUBÝ V., 1957, SLOVANSKÉ KOSTĚNÉ PŘEDMÉTY A JEJICH VÝROBA NA MORAVĚ, PAMÁTKY ARCHEOLOGICKÉ XLVIII ČESKOSLOVENSKA AKADEMIE VÉD, 123-193

- Археолошки дневник "Големо Градиште" с. Коњух, Данче Голубовска, 2001,Скопје

- Извештај за археолошкото истражување на Коњух, 2004 год., 2005,Скопје

- Извештај од археолошкото истражување на Коњух, 2006 год., 2006, Скопје

# РЕЗИМЕ

Доцноантичкиот локалитет Големо Градиште е лоциран на 2 км с/з од селото Коњух над левиот брег на Крива Река во административните рамки на општината Кратово. Анализата на недвижниот и движниот материјал, пред се на керамичкиот од населбата и околу неа говори за интензивно населување во доцната антика од 4 до 7 век, со акцентирање на 6 век.

Во текот на археолошките истражувања од 2001 до 2006 год. на акрополот и просторот на северната тераса покрај Крива Река откриени се и неколку предмети изработени од коска. На најголемиот дел од нив е извршена стручна анализа за утврдување на нивното животинско потекло.

Коската како суровина се употребува уште во раните почетоци на човековото постоење. Широка примена наоѓа во антиката и раниот среден век. Како најадекватна суровина за производство на разни предмети се коските и роговите од говедо, овен, коњ, свиња, птица и елен. За изработка на луксузни предмети се користи слоновата коска.

Заради недоволниот научен интерес кон овој тип на предмети досега не е направена типологија на коскените предмети од територијата на Р. Македонија. Се надеваме дека овој труд ќе биде дополнителен предизвик за научно истражување и синтетизирање на овој тип на предмети од доцноантичкиот период во Република Македонија.

## SUMMARY

The Late Antique site of Golemo Gradište is located 2 km northwest of the village of Konjuh, on the left bank of the Kriva River, within the district administered by the municipality of Kratovo. Analysis of the site and its small finds, especially the pottery from the settlement and around it, point to intensive habitation in Late Antiquity, from the 4th to the 7th century, with emphasis on the 6th century.

In the course of the archaeological investigations between 2001 and 2006, on the acropolis as well as on the northern terrace beside the Kriva River, a number of artifacts of worked bone were discovered. Scientific analysis was carried out on most of these finds to determine the origin, i.e., the species of animal.

Bone as raw material was used already in the early stages of human existence. It was widely utilized in classical antiquity and the early medieval period. The most suitable material for the production of various bone objects were bones and horns from cattle, sheep, horses, pigs, birds, and deer. For the manufacture of luxury items, elephant ivory was used.

Because of insufficient scientific interest in this type of object, until now no typology of bone artifacts from the territory of R. Macedonia has been made. We hope that this article will serve as a sufficient challenge for scientific investigation of this type of object and a synthesis of the available information concerning bone artifacts from the Late Antique period in the Republic of Macedonia.


Translated by
Carolyn S. Snively